РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2057/2
15-11-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на ден 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2057/1 од 24.07.2024 година, со наводи за сомневање за нелегално менување на пари во Општина --------------------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, од причина што пријавените дејствија и активности се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, за кои друг орган е надлежен да псотапува.

Предметот со број 12-2057/1 од 24.07.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 24.07.2024 година, до ДКСК е доставена пријава во која подносителот изнесува наводи за сомневање за нелегално менување на пари во Општина --------------------. Подносителот во пријавата наведува дека на улици во градот се забележува секојдневно нелегално менување на пари, наместо тоа да се врши и спроведе согласно важечките закони. Во пријавата се содржани општи наводи, без конкретизирање на личности, време и дејствија.

ДКСК ја разгледа пријавата и констатира дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што пријавата не содржи наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а воедно пријавените дејствија и активности се однесуваат на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

прашања кои согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку друг орган е надлежен да постапува.

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: И.П. раководител на сектор
Одобрил: Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата